**20241863224**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 35 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.283/23 и 169/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 3 септември 2024 година, донесе

# ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ПОДДРШКА ЗА СОЦИЈАЛНА СИГУРНОСТ НА ЖЕНИТЕ КОИ ВРШАТ ЗЕМЈОДЕЛСКА ДЕЈНОСТ ЗА 2024 ГОДИНА

I

Во Програмата за поддршка за социјална сигурност на жените кои вршат земјоделска дејност за 2024 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.12/24) во делот I ставот (2) се менува и гласи:

„(2) Средствата за реализација на оваа програма во вкупен износ од 3.000.000,00 денари се обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.283/23 и 169/24) раздел 140.04, програма 2, потпрограма 23, ставка 464 - разни трансфери кои од страна на Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој (во натамошниот текст: Агенцијата) ќе се користат за финансиска поддршка во износ од 100.000,00 денари за деветмесечен надоместок за мајчинство на жените кои имаат статус на осигуреник-индивидуален земјоделец стекнат согласно Законот за пензиското и инвалидското осигурување.“

II

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-8172/3
3 септември 2024 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.